РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
ул. „Самоилова“ бр.10, 1000 Скопје; тел: +389 2 3244 760; факс. +389 2 3244 766; www.dzlp.mk

Бр. 07-59/1
15.01.2009 година

Врз основа на член 44 - б став 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр. 7/05 и 103/08), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

## I. Вовед

Со оваа програма се определуваат областите кои ќе бидат опфатени со редовниот инспекциски надзор во јавниот и приватниот сектор за спроведување на Законот за заштита на личните податоци, прописите донесени врз основа на овој закон, како и прописите со кои се регулира заштитата на личните податоци во одделни области.

Оваа програма се изработи врз основа на следните критериуми:

- по бројот на субјекти на лични податоци чии лични податоци се обработуваат од страна на контролорот, односно обработувачот;

- зачестеност на поднесени барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци од страна на физички лица или здруженија на граѓани;

- зачестеност на поднесени иницијативи, претставки и предлози за вршење на инспекциски надзор за определени контролори, односно обработувачи од страна на физички или правни лица;

- пропорционална застапеност на контролорите, односно обработувачите од јавниот и приватниот сектор и

- пропорционална застапеност на контролорите, односно обработувачите во единиците на локалната самоуправа.

## II. Области опфатени со инспекцискиот надзор

Со инспекцискиот надзор ќе бидат опфатени контролорите и обработувачите во јавниот и приватниот сектор во следните области: